**Dru{tvo za revizija PELAGONISKA REVIZORSKA KU]A**
**DOOEL Prilep**

**Кеј 9ти Септември бб** **тел. ++389(0)48 431-771**
**7500 Прилеп** **тел./факс ++389(0)48 414-942**
**Р. Македонија** **мобил: 070/208-271**
**e-mail:perkprilep@yahoo.com**

# ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИТЕ РЕВИЗОРИ

## До акционерите на ТУТУНСКИ КОМБИНАТ АД Прилеп

Според Законот за трговски друштва ("Службен весник на Р.Македонија" бр.28/2004), Законот за ревизија ("Службен весник на Р.Македонија" бр.79/2005) и Меѓународните стандарди за ревизија ("Службен весник на Р.Македонија" бр.92/2005) ние извршивме економско-финансиска ревизија на приложените: биланс на состојба, биланс на успехот и извештајот за паричните текови на "Тутунски Комбинат" – Прилеп, односно на неговиот матичен дел – "Холдинг" и друштвата ДООЕЛ – "Цигари" и ДООЕЛ – "Тутун", за годината завршена на 31 декември 2005 година, прикажани на страниците од 1 до 4 во овој Ревизорски извештај.

Финансиските извештаи беа изготвени согласно барањата на македонските закони и сметководствените стандарди и интерпретации издадени од Меѓународниот комитет за сметководствени стандарди (IASC), а кои се применливи во Република Македонија.

## Соодветни одговорности на директорите и ревизорите

Одговорноста за финансиските извештаи е на директорите на "Тутунски Комбинат" АД Прилеп. Нашата одговорност е да обезбедиме разумно уверување дека финансиските извештаи не содржат значајни материјални грешки и врз основа на извршената ревизија да формираме независно мислење за финансиските извештаи и истото да Ви го доставиме до Вашата фирма.

## Основа на мислењето

Од страна на Вашата фирма ние бевме назначени за ревизори. Постапката на ревизијата започна на 04.01.2006 година и заврши на 20.03.2006 година.

**Кеј 9$^{ти}$ Септември бб** **тел. ++389(0)48 431-771**
**7500 Прилеп** **тел./факс ++389(0)48 414-942**
**Р. Македонија** **мобил: 070/208-271**
**e-mail:perkprilep@yahoo.com**

Ние ја извршивме нашата ревизија во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија. Тие стандарди бараат да ја планираме и извршиме ревизијата за да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања врз основа на тестирање на докази коишто ги поткрепуваат износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Исто така, ревизијата вклучува и проценки на сметководствените принципи коишто се користени и на значајните проценки коишто се направени од страна на менаџментот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи. Ние веруваме дека нашата ревизија обезбедува разумна основа за нашето мислење.

**Мислење**

Според наше мислење, финансиските извештаи ја презентираат објективно, од сите материјални аспекти финансиската состојба на “Тутунскиот Комбинат” АД Прилеп, односно на матичниот дел – “Холдингот” и друштвата: ДООЕЛ – “Цигари” и ДООЕЛ – “Тутун” заклучно со 31.12.2005 година, како и резултатите од нивното работење и нивните парични текови за годината која завршува на 31.12.2005 година и се во согласност со Меѓународните сметководствени стандарди, односно, стандардите за финансиско известување и македонските закони.

**Прилеп,20.03.2006 година**

**Овластени ревизори:**

________________________
проф.др.Бранко Трајкоски

________________________
проф.др.Благоја Ацески

________________________
дипл.екк. Пецко Ристески

**Пелагониска ревизорски куќа ДООЕЛ Прилеп**

**Директор, овластен ревизор**

________________________
дипл.екк. Виданка Ацеска

# РЕВИДИРАНИ ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ

## ЗА ГОДИНАТА ЗАВРШЕНА НА 31.12.2005 год.

- ☑ ***Консолидиран биланс на успехот***
- ☑ ***Косолидиран биланс на состојбата***
- ☑ ***Консолидиран извештај – биланс за паричниот тек***
- ☑ ***Консолидиран извештај за промените на капиталот***

**КОНСОЛИДИРАН БИЛАНС НА УСПЕХОТ**
**НА**
**"ТУТУНСКИ КОМБИНАТ" АД Прилеп**
**за годината завршена на 31 декември 2005 год.**
(ревидиран)

(во илјади денари)

| | О П И С | Белешка | Теков.год. 2005 | Предх.год. 2004 |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Приходи од продажба | | 1.129.599 | 1.592.991 |
| 2. | Останати оперативни приходи | | 38.137 | 51.461 |
| 3. | Промена на залихите на готови производи и производство во тек | | 76.887 | 546.864 |
| 4. | Сопствени производи употребени и капитализирани во претпри. | | 113.198 | 119.830 |
| 5. | Потрошени материјали и ситен инвентар | | 540.965 | 948.811 |
| 6 | Трошоци за вработените | | 361.103 | 469.646 |
| 7. | Амортизација и ревалоризација на амортизација | | 125.443 | 130.902 |
| 8. | Останати оперативни расходи | | 243.702 | 282.609 |
| 9. | Набавна вредност на трговски стоки | | 61.905 | 47.628 |
| **10.** | **Загуба од оперативно работење - (3+5+6+7+8+9)-(1+2+4)** | | **(129.071)** | **(662.178)** |
| 11. | Финансиски приходи | | 27 | 59.638 |
| 12. | Финансиски расходи | | 94.046 | 161.285 |
| **13.** | **Загуба пред оданочување (10+12)-11** | | **(223.090)** | **(763.825)** |
| 14. | Данок од добивка | | - | - |
| **15.** | **Загуба од ред.работење по оданочување (13-14)** | | **(223.090)** | **(763.825)** |
| 16. | Малцински интерес | | - | - |
| **17.** | **Загуба од редовни активности (15-16)** | | **(223.090)** | **(763.825)** |
| 18. | Вонредни приходи | | - | - |
| 19. | Вонредни расходи | | - | - |
| **20.** | **Загуба (17-18+19)** | | **(223.090)** | **(763.825)** |

**КОНСОЛИДИРАН БИЛАНС НА СОСТОЈБАТА**
**НА**
**“ТУТУНСКИ КОМБИНАТ” АД Прилеп**
**за годината завршена на 31 декември 2005 год.**
(ревидиран)

(во илјади денари)

| О П И С | Белешка | Теков.год. 2005 | Предх.год. 2004 |
|---|---|---|---|
| **СРЕДСТВА** | | | |
| **Нетековни средства** | | **1.092.054** | **1.225.376** |
| Нематеријални средста | | / | / |
| Недвижности постројки и опрема | | 996.286 | 1.133.119 |
| Долгорочни финансиски вложувања | | 95.768 | 92.257 |
| **Тековни средста** | | **2.198.119** | **2.245.708** |
| Залихи | | 843.294 | 940.300 |
| Побарувања од купувачи | | 1.022.741 | 1.005.173 |
| Побарувања од поврзани субјекти | | / | 37.519 |
| Побарувања од вработени | | 115.329 | 120.074 |
| Останати побарувања | | 48.132 | 56.399 |
| Пари и парични еквиваленти | | 5.928 | 11.162 |
| Активни временски разграничувања | | 162.695 | 75.081 |
| **ВКУПНИ СРЕДСТА** | | **3.290.173** | **3.471.084** |
| **КАПИТАЛ И ОБВРСКИ** | | **3.290.173** | **3.471.084** |
| **КАПИТАЛ И РЕЗЕРВИ** | | **286.276** | **468.118** |
| Запишан капитал | | 1.994.640 | 1.999.708 |
| Законски и ревалоризациони резерви | | 142.893 | 138.331 |
| Акумулирана добивка | | 220.264 | 220.264 |
| Остварена добивка | | / | / |
| Пренесена загуба и загуба за финан. година | | (2.071.521) | (1.890.185) |
| **Нетековни обврски** | | **633.601** | **571.386** |
| Др. долг.обврски спрема поврзани субјекти | | / | / |
| Долгорочни кредити | | 633.601 | 571.386 |
| **Тековни обврски** | | **2.370.296** | **2.431.580** |
| Кратк. обврски спрема поврзани субјекти | | 17.339 | 56.386 |
| Краткорочни кредити | | 506.668 | 625.191 |
| Обврски спрема добавувачи | | 1.002.848 | 1.089.599 |
| Краткороч. обврски за даноци и придонеси | | 508.664 | 368.280 |
| Останати тековни обврски | | 190.054 | 147.401 |
| Пасивни временски разграничувања | | 144.723 | 144.723 |

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИОТ ТЕК**
**НА**
**“ТУТУНСКИ КОМБИНАТ” АД Прилеп**
**за годината завршена на 31 декември 2005 година**
**(ревидиран)**

(во илјада денари)

| | **Теков.год. 2005** | **Предх.год. 2004** |
|---|---|---|
| **Готовински тек од деловни активности** | | |
| Загуба од редовното работење | (223.090) | (763.825) |
| АМОРТИЗАЦИЈА НА ОСНОВНИТЕ СРЕДСТВА ЗА КОИ НЕ Е ПОТРЕБНА ГОТОВИНА | 125.443 | 130.902 |
| **ЗГОЛЕМУВАЊЕ (НАМАЛУВАЊЕ) НА ТЕКОВ. СРЕДСТВА** | **42.355** | **3.119.942** |
| Залихи | 97.006 | 599.150 |
| Побарувања од купувачи | (17.568) | 1.195.297 |
| Побарувања од поврзани субјекти | 37.519 | 1.335.521 |
| Побарувања од вработени | 4.745 | 10.797 |
| Останати побарувања | 8.267 | (3.778) |
| Активни временски разграничувања | (87.614) | (17.045) |
| **ЗГОЛЕМУВАЊЕ (НАМАЛУВАЊЕ) НА ТЕКОВ. ОБВРСКИ** | **(61.284)** | **(2.390.602)** |
| Краткорочни обврски спрема поврзани субјекти | (39.047) | (1.404.225) |
| Обврски спрема добавувачите | (86.751) | (700.652) |
| Краткорочни обврски за даноци и придонеси | 140.384 | 60.598 |
| Останати тековни обврски | 42.653 | 39.103 |
| Краткорочни кредити | (118.523) | (385.426) |
| Пасивни временски разграничувања | 0 | 0 |
| **Нето готовина од *ДЕЛОВНИ* активности** | **(116.576)** | **96.417** |
| **Готовински тек од инвестициони активности** | | |
| Набавка (продажба) на земјиште, градеж. објекти и опрема | 11.390 | (11.873) |
| Долгорочни финансиски вложувања | (3.511) | (978) |
| **Нето говотина од *ИНВЕСТИЦИОНИ* активности** | **7.879** | **(12.851)** |
| **Готовински тек од финансиски активности** | | |
| Капитал и резерви | 41.248 | 6.800 |
| Долгорочни кредити | 62.215 | (82.360) |
| **Нето готовина од *ФИНАНСИСКИ* активности** | **103.463** | **(75.560)** |
| **Нето пораст на готовина** | **(5.234)** | **8.006** |
| **Готовина на почетокот на годината** | **11.162** | **3.154** |
| **Готовина на крајот од годината** | **5.928** | **11.162** |

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИТЕ НА КАПИТАЛОТ НА "ТУТУНСКИ КОМБИНАТ" АД Прилеп (ревидиран)

(во илјади денари)

| Опис | Состојба на 31.12.2004 г. | Зголемување | Намалување | Состојба на 31.12.2005 г. |
|---|---|---|---|---|
| Запишан капитал | 1.999.708 | / | (5.068) | 1.994.640 |
| Законски и ревалор. резерви | 138.196 | 4.697 | / | 142.893 |
| Акумилирана добивка | 220.264 | / | / | 220.264 |
| Добивка за фин.година | / | / | / | / |
| Загуба | (1.848.428) | (223.093) | / | (2.071.521) |
| **Вкупно капитал и резерви** | **509.740** | **(218.396)** | **(5.068)** | **286.276** |